# V МАКЕДОНСКИ КОНГРЕС

## ЗА ИСТОРИЈА НА МЕДИЦИНАТА СО МЕЃУНАРОДНО УЧЕСТВО



# ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

Битола 14-15 октомври 2016

# РАЗВОЈ НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА МЕДИЦИНСКИТЕ СЕСТРИ ВО БИТОЛА

Доминика Рајчановска[107],Г. Р. Димитровска[108], Т. Јовановска[109], В. П. Стојчевска[110], И. Филов[111]

Почетоците на високото образование на медицинските сестри во Република Македонија се совпаѓаат со основањето на Вишата медицинска школа во Битола. На седницата одржана на 23.11.1987 година, Собранието на Самоуправната интересна заедница на насоченото образование во општествените и услужните дејности, донесе Одлука за формирање на Матична комисија за организирање на студии за виши медицински сестри во Битола, во следниот состав: академик Исак Таџер, проф. д-р Миле Јовановски, проф. д-р Димитар Котевски, проф. м-р Петар Стојановски, д-р Петар Илиевски, м-р. Ѓорѓи Лумбуровски и проф. д-р Ристо Сукаревски. Матичната комисија беше задолжена да ја формира и организира Вишата медицинска школа, со една студиска програма за медицински сестри, до крајот на месец февруари 1988 година.

Во учебната 1988/89 година започна со работа Вишата медицинска школа, со двегодишни стручни студии, запишувајќи ги првите студенти.Вишата медицинска школа, од своето основање е членка на Универзитетот "Св.Климент Охридски" во Битола и е прва високо-образовна институција за едукација на здравствени работници во Р. Македонија.

---

[107] Проф. д-р Доминика Рајчановска, Висока медицинска школа, Битола
[108] Предавач д-р Гордана Ристевска Димитровска,Висока медицинска школа, Битола
[109] Виш предавач д-р Тања Јовановска, Висока медицинска школа, Битола
[110] Виш предавач д-р Викторија Продановска Стојчевска,Висока медицинска школа, Битола
[111] Проф. д-р Изабела Филов, Висока медицинска школа, Битола

медицинсколабораториски аналитичар, радиолошки технолог и физиотерапевт-специјалист од областа.

Во Високата Медицинска школа во изминатите 28 години, своето образование го заокружиле повеќе од 3000 здравствени работници на сите студиски програми. Нашите дипломирани студенти, денес се носители на здравствената нега во многу здравствени установи во земјата и во странство. Дипломите стекнати на ВМШ се признаени во европските земји, што зборува за препознатливоста и квалитетот на студиските програми.Студентите и наставниот кадар на Високата Медицинска школа имаат можност да остваруваат мобилности на странски универзитети преку програмата ЕРАЗМУС+, како и врз основа на билатерални договори. ЕРАЗМУС+договори ВМШ има со Варна (Бугарија), Загреб (Хрватска), Словенска Градишка (Словенија), Фоџа (Италија), Намур (Белгија) и Истамбул (Турција), а билатерални договори со Високите медицински школи во Белград, Земун и Ќуприја (Србија), Загреб (Хрватска), Ново Место и Словенска Градишка (Словенија) и тн. Веруваме дека досегашните резултати на Школата, ќе овозможат уште поголем развој на оваа институција, со цел Високата Медицинска школа да се трансформира во високообразовна институција, со академски степен на едукација од подрачјето на медицинските науки и здравството, применувајќи ги европските и светските стандарди,првенствено за регулираните професии според европските директиви, медицинска сестра и акушерка, а понатаму и останатите.

За таа цел, сите наши понатамошни активности ќе бидат усмерени во тој правец, односно кон формирање на Факултет за медицински струки во Битола. Се надеваме дека ќе добиеме подршка од сите релевантни структури во Република Македонија, а првенствено од нашите сегашни и идни студенти.

# DEVELOPEMENT OF HIGHER EDUCATION FOR NURSES IN BITOLA

Domnika Rajchanovska, G. R. Dimitrovska, T. Jovanovska, I.Filov, V.S. Prodanovska
University "St. Kliment Ohridski" Higher Medical School, Bitola, R. Macedonia

**Abstract**

The Medical School in Bitola, initially specialized in two - year studies began operating in the academic year of 1988/89 as the first higher educational institution for education of health workers in the Republic of Macedonia. In the period up to 1996/97 study programs for nurses, midwives, nurses in the primary health care and laboratory analysts were accredited. With the amendments to the Law on Higher Education in 2002/03, the School was transformed into Higher Medical School with three year educational study programs. At that time, study programs for nurses in the primary health care, midwives and medical-laboratory analyst were accredited. Realizing the need of the health facilities in the country, the Higher Medical School accredited three – year educational study programs for physiotherapist and radiology technicians. Following the example of the European Union, in 2012 specialized professional studies for all study programs were accredited.

In the last twenty nine years, over 3000 health workers graduated from the Higher Medical School. We believe that our efforts in the future will allow the Higher Medical School to be transformed into Higher Educational Institution with an academic degree of education in the field of medical sciences and health care in accordance with all European standards.

**Key words**: Higher education, professional studies, nurses, academic studies.